**Г Р А Д   С К О П Ј Е**

ПРЕДЛАГАЧ: **Градоначалник на Град Скопје**

ИЗГОТВУВАЧ: **Сектор за комунални работи**

ПРЕТСТАВНИК: **Секретар на Град Скопје**

ПОВЕРЕНИК: **Раководител на Сектор за комунални работи**

**П Р Е Д Л О Г – О Д Л У К А ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ЈП “ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО” - СКОПЈЕ**

**Скопје, октомври 2022 година**

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” број 05/02), а во врска со член 8-б од Законот за јавните претпријатија (“Службен весник на Република Македонија “ бр.38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07 , 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и “Службен весник на Република Северна Македонија” број 275/19 и 89/22 ), Советот на Град Скопје на ___________ седница, одржана на __.__.2022 година, донесе

**О Д Л У К А ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ЈП “ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО” - СКОПЈЕ**

Член 1

Во одлуката за субвенционирање на ЈП “Паркови и зеленило” - Скопје (Службен гласник на град Скопје бр.1/22) во членот 1 точката на крајот од реченицата се брише и се додаваат следните зборови: “и 600.000,00 (шестотиниилјади) денари за преиспитување на управните акти”.

Член 2

Средствата за оваа намена се обезбедени од Буџетот на Град Скопје за 2022 година.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Град Скопје”.

Број 07-
_________2022 година
Скопје

С О В Е Т Н А Г Р А Д С К О П Ј Е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
Трајко Славески

**О б р а з л о ж е н и е**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија ” број 05/02), а во врска со член 8-б од Законот за јавните претпријатија, јавните претпријатија основани од страна на Градот Скопје, можат да добиваат финансиска помош, односно одредени финансиски поволности од страна на основачот.

Со измените на буџетот на град Скопје предвидени се 600 000 денари за преиспитување на управните акти. Имени во ЈП “Паркови и зеленило” - Скопје има голем број на правосилни решенија, издадени од Град Скопје, во последниве 4 години, кои не се реализирани.

Во случајот се наметнува потреба од стручна ревизија, од страна на овластен субјект, во смисла дали и понатаму постои потреба од реализација на тие акти односно нивно изменување. Со донесување на предложената Одлука ќе се обезбедат потребните финансиски средства за реализација на оваа активност.

Имајќи го во предвид наведеното се предлага Советот на Град Скопје да донесе Одлука за дополнување на Одлуката за субвенционирање на ЈП “Паркови и зеленило” – Скопје.